РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Бр. 2008-2925
24.11. 2005 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 07-3293/1
14-XII 2005 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Потпишан помеѓу:

1. Бирото за метрологија на Република Македонија и
2. Машински факултет Скопје

Член 1

Со овој меморандум се утврдува меѓусебниот однос на двете страни потписнички во процесот на изградба на метролошкиот систем во Република Македонија, како и одделни посебни аспекти.

Член 2

Бирото за метрологија на Република Македонија и Машинскиот факултет ќе соработуваат во сите сегменти од метролошката активност за кои постои национален и заеднички интерес. Соработката посебно се однесува во едукативните активности, применетите истражувања, како и оперативните - апликативни активности.

Член 3

Двете институции потписнички на овој меморандум ќе ги ставаат на располагање своите кадровски, лабораториски и останати капацитети за остварување на целите на овој меморандум, со почитување на сета законска и подзаконска регулатива, како и на база на усогласувања на сите отворени прашања.

Член 4

Како особено значаен аспект се утврдува подготвеноста на Машинскиот факултет да дејствува во функција на промовирање на современата метролошка мисла низ своите едукативни и останати активности.

Член 5

Експертите на Машинскиот факултет и на Бирото за метрологија во метролошката и сродните области ќе соработуваат на начин кој е во согласност со добрата пракса во технолошки напредните земји и на тој начин ќе придонесуваат за трансферот на современите метролошки технологии во Република Македонија.

Член 6

Поаѓајќи од досегашната искуства во метролошките апликативни активности во Машинскиот факултет, како и од плановите за нивни натамошен развој од една страна, како и од стратегијата на развој на метролошките активности во Република Македонија и потребите за што поширока покриеност на Република Македонија со национални еталони, Бирото за метрологија и Факултетот ќе утврдат области во кои такви еталони можат да се развијат и признаат во лабораториите на Факултетот.

Член 7

Бирото за метрологија и Машинскиот факултет ќе соработуваат во подготовката и аплицирањето на заеднички домашни и меѓународни проекти во областа на метрологијата, како и во други области од взаемен интерес.

Член 8

Бирото за метрологија и Машинскиот факултет ќе соработуваат во едукативните активности во смисол на користење на лабораториските капацитети на Бирото за практична настава за студентите на Факултетот.

Член 9

Машинскиот факултет ќе излегува во пресрет на посебните барања за содржина на обуката во додипломските и особено во постдипломските и докторските студии кога станува збор за кадровските потреби на Бирото за метрологија.

Член 10

Бирото за метрологија и Машинскиот факултет ќе соработуваат во подготовката и спроведувањето на курсеви во смисол на континуирано (доживотно) образование за вработените институции и за трети лица.

Член 11

Бирото за метрологија и Машинскиот факултет ќе соработуваат и во подготовката и спроведувањето на промотивните активности од заеднички интерес и заради афирмација на метролошката мисла и практика во земјата и странство.

Член 12

Бирото за метрологија и Машинскиот факултет ќе настојуваат да отвараат што пошироки форми за натамошна соработка кои ќе го следат и ќе придонесуваат кон натамошниот развој на Метрологијата во Република Македонија, согласно позитивните меѓународни искуства.

Потписници:

Биро за метрологија на РМ

Директор

Дипл. инж. Љупчо Димов

Машински факултет – Скопје

Декан

Проф. д-р Милан Ќосевски